РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

место за штембил
на корисникот на услугите

Бр.____________________________20__ год.
С К О П Ј Е

# ДОГОВОР
## за користење сервиси на МАКПОС-системот на Агенцијата за катастар на недвижности

Склучен помеѓу:

1. АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ, со седиште во Скопје на ул. „Трифун Хаџи Јанев“ број 4, претставувана од в.д. директорот Иван Живковски (во понатамошниот текст: давател на услугите) од една страна и
2. ___________________________________________, со седиште во ____________________, на ул. „____________________________“ бр.______ и ЕДБ/ЕМБС _______________________, претставуван/а од ________________________________________________ (во понатамошниот текст: корисник на услугите) од друга страна.

I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со користењето на сервисите на МАКПОС-системот (мрежата од перманентни GNSS-станици на територијата на Република Северна Македонија), сопственост на Агенцијата за катастар на недвижности.

II. ДОСТАПНИ СЕРВИСИ НА МАКПОС-СИСТЕМОТ

Член 2

Достапни сервиси на МАКПОС-системот се:

- MAKPOS-DGNSS - Позиционирање со примена на диференцијална метода;
- MAKPOS-RTK - Позиционирање со примена на кинематичка метода;
- MAKPOS-PP (RINEX) - Позиционирање со примена на статичка метода

(дополнителна обработка на податоци);

- издавање извод од МАКПОС базата на податоци од извршени RTK мерења (датотека за евиденција - log file); и
- пресметување координати на геодетски точки врз основа на доставени RINEX-податоци.

Сите сервиси на МАКПОС-системот се достапни за регистрираните корисници 24 часа на ден, во текот на целата година.

## III. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 3

Давателот на услугите се обврзува:

- врз основа на поднесено барање од корисникот на услугите да му додели корисничко име и лозинка за пристап до избраните сервиси на МАКПОС-системот;
- по потпишувањето на овој договор да му овозможи користење на избраните сервиси.

Член 4

Корисникот на услугите се обврзува:

- во поднесеното барање да ги избере сервисите на МАКПОС-системот коишто сака да ги користи, како и моделот за нивно тарифирање;
- на давателот на услугите да му исплати соодветен надоместок за користење на избраните сервиси.

## IV. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЕРВИСИТЕ НА МАКПОС-СИСТЕМОТ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Висината на надоместокот за користење на сервисите на МАКПОС-системот е утврдена со Тарифникот за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информациски систем.

Член 6

Доколку се направи промена на тарифните модели и на висината на надоместокот за користење на сервисите на МАКПОС-системот за времетраењето на овој договор, договорните страни се согласни да ги применуваат новите тарифни модели и цени за надоместок за користење на сервисите на МАКПОС-системот.

## V. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Плаќањето на надоместокот за користењето на сервисите на МАКПОС-системот ќе се врши на следниот начин:

- за сервисите MAKPOS-DGNSS, MAKPOS-RTK (еден месец, три месеци, шест месеци и една година) и за издавање извод од МАКПОС базата на податоци од извршените RTK мерења (датотеки за евиденција - log file), плаќањето ќе се изврши однапред пред започнување со користењето на сервисите (припејд);
- за сервисите MAKPOS-RTK – по започната минута, MAKPOS-PP (RINEX) и за пресметувањето координати на геодетски точки врз основа на доставени RINEX-податоци плаќањето ќе се изврши месечно според количината на искористените податоци, по доставена фактура од страна на давателот на услугите (постпејд).

  Корисникот на услугите е должен да го плати износот во рок од 15 дена од доставувањето на фактурата.

Член 8

Договорните страни се согласни овој договор да претставува основа за секое понатамошно доставување на фактурите од страна на давателот на услугите, врз основа на доставените барања на корисникот на услугите.

Член 9

Доколку корисникот на услугите не извршил плаќање на надоместокот од член 7, алинеја 2 во предвидениот рок, давателот на услугите има можност да му го одземе правото на пристап до сервисите од МАКПОС-системот.

По извршеното плаќање на надоместокот, давателот на услугите ќе му го врати правото на пристап на корисникот на услугите до сервисите од МАКПОС-системот.

## VI. ДОЛЖНОСТ И ОДГОВОРНОСТ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 10

Давателот на услугите е должен да обезбеди непречено функционирање на МАКПОС-системот, да врши надзор над работењето на перманентните GNSS-станици и да управува со контролниот центар на МАКПОС-системот во текот на работното време. Во случај на непредвиден прекин на работењето на системот или на одредени перманентни GNSS-станици, давателот на услугите е должен да преземе конкретни активности за отстранување на причините за прекинот на работењето во рок од 4 часа.

Давателот на услугите е должен да го извести корисникот на услугите во случај на планирани прекини во работењето на МАКПОС-системот заради негово одржување/надградување најмалку три дена однапред.

Член 11

Давателот на услугите не одговара за прекини во функционирањето на МАКПОС-системот, како и за евентуални грешки и неточност предизвикани од виша сила, од можни ограничувања на глобалните сателитски системи за позиционирање и ограничувања во системот за пренос на податоци и корекциски параметри коишто не се негова надлежност.

Член 12

Корисникот на услугите е должен да ги користи податоците од МАКПОС-системот исклучиво за сопствени потреби и не смее да ги дава на користење на трети лица.
Доколку давателот на услугите утврди неправилности при користењето на податоците, може на корисникот на услугите да му го одземе правото на пристап до податоците од МАКПОС-системот.

## VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ЈАЗИК НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 13

Договорот се склучува на македонски јазик, со времетраење од една година. Доколку 30 дена пред истекот на Договорот некоја од договорните страни писмено не побара негово раскинување, тој ќе се смета за автоматски продолжен.

## VIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 14

За сѐ што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## IX. РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

Член 15

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од толкувањето и извршувањето на овој договор, договорните страни ќе се обидат да ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член 16

Во случај на спор се определува надлежност на судот во Скопје.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Договорните страни изјавуваат дека во целост ги прифаќаат правните последици кои за нив произлегуваат од склучениот Договор и во знак на согласност го потпишуваат своерачно.

Член 18

Овој договор стапува на сила и произлегува правно дејство помеѓу договорните страни од моментот на неговото потпишување.

Член 19

Изменување и дополнување на Договорот може да се врши со анекс, со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Член 20

Овој договор е составен во шест (6) еднообразни примероци, од кои четири примероци за давателот на услугите и два за корисникот на услугите.

Изготвил: Ивана Динковска, _______________
Контролирал: Мемет Мамудов, _______________
Одобрил: Сашо Димески, _______________

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

За давателот на услугите
в.д. Директор

_________________________
Иван Живковски

За корисникот на услугите

_________________________